**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**

Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Друштвото за управување со недвижен имот Еаст Гате Малл ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ги донесе следниве:

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**

**,,EAST GATE MANIA 3" односно ,,ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА 3" .**

**Организатор на наградната игра**

**Член 1**

Организатор на наградната игра ,,**EAST GATE MANIA 3" односно ,,ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА 3"** е Друштво за управување со недвижен имот Еаст Гате Малл ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Беласица бр. 2, 1000 Скопје, Гази Баба, со ЕДБ МК 4043019526203 и ЕМБС 7339046, сопственик на Трговскиот центар Еаст Гате Малл (во понатамошниот текст: Организатор).

**Име на наградната игра**

**Член 2**

Официјалното име на наградната игра е ,,**EAST GATE MANIA 3"** односно **,,ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА 3".**

**Цел на наградната игра**

**Член 3**

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на производите и услугите на организаторот.

**Територија**

**Член 4**

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува во сите продажни субјекти во трговскиот центар кои имаат свое продажно место/подружница во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

**Право на учество**

**Член 5**

Во наградната игра право на учество имаат сите полнолетни граѓани во Република Северна Македонија кои ќе купат производи во вредност од минимум 3.000,00 денари или повеќе, од сите продажни субјекти лоцирани во трговскиот центар.

Лица под 18 години не може да учествуваат во наградната игра.

Вработените во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, вработените во продажните места на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, вработените на НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ како и нивното потесно семејство, немаат право на учество во наградната игра.

**Времетраење на наградната игра**

**Член 6**

Наградната игра ќе започне на 01.07.2024 година и ќе трае до 01.09.2024 година. Во рамки на овој период, потрошувачите можат да учествуваат во наградната игра.

**Механизам на наградната игра**

**Член 7**

Наградната игра ќе трае од 01.07.2024 година со почеток на испраќање пораки 00:01 часот до 01.09.2024 година со крај на испраќање пораки на последниот ден во 23:59 часот.

Право на учество имаат потрошувачи кои купиле производи во вредност од 3.000,00 денари и нагоре, во сите продажни места во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на една фискална сметка. Учесниците треба да ја чуваат фискалната сметка, неоштетена, во текот на целата наградна игра и по нејзиното завршување, се до објавувањето на добитниците и подигнување на наградите.

Фискалната сметка со двојна или повисока вредност од утврдениот минимум (на пример од 6.000,00 денари) не може да се смета како двојна можност за учество и учесникот нема право да игра два пати.

Учесниците своето учество го пријавуваат на тој начин што праќаат СМС порака на телефонскиот број 149 914 достапен од операторите А1 Македонија и Македонски

телеком во Република Северна Македонија, во следниот формат: **број на фискална сметка (празно место) и време на купување на производите** (пример на формат за СМС порака: #0150 12:05:00).

Операторите чии корисници можат да учествуваат се Македонски телеком и А1 Македонија.

Ако е успешно испраќањето на пораката, учесникот ќе добие потврдна СМС порака за учество и линк до правилата каде ќе може да ги прочита детално официјалните правила за игра. Доколку праќањето на пораката е неуспешно, учесникот ќе добие повратна СМС порака дека бројот на сметката веќе бил претходно искористен или дека е испратен неправилен формат на содржина, проследен со број од контакт центарот на организаторот 071/381-170, каде учесниците ќе можат да добијат поддршка поврзана со наградната игра, секој работен ден од 08:00 – 16:00 часот.

Сите пораки се тарифираат по цена на стандардна СМС порака односно 5,9 денари со вклучен ДДВ, на товар на испраќачот. Организаторот нема удел во менување на цената и затоа Организаторот не презема одговорност за можна промена на цената на пораките.

Еден учесник може да учествува во наградната игра со неограничен број на СМС, но со користење на различни броеви на фискални сметки (од различни купувања) и со тоа да ги зголеми своите шанси за добивка на награда. Секоја поединечна фискална сметка може да учествува само еднаш.

При испраќање на неточни, нецелосни или невалидни фискални броеви и неисполнување на другите услови за учество (доколку фискалната сметка не е на учесникот, не ја исполнува возрасната граница и слично) учесникот ќе биде дисквалификуван од наградната игра и ќе го изгуби правото на добивање награда. Точниот фискален број кој е успешно испратен преку СМС порака влегува во учество освен ако претходно истиот не бил искористен во наградната игра. Во случај два различни учесника да испратат ист број на фискална сметка и со истото време на купување на производите, провајдерот ќе испрати СМС порака со цел учесникот да се јави во контакт центар за да се провери статусот за учество. Во тој случај ќе се побара прогресивниот број на фискална сметка да се испрати во истиот формат односно прогресивен број на фискална сметка (празно место) време на купување на производите, по чие испраќање ќе му биде испратена порака со статусот за учество.

Правото за учество не е дозволено за вработените на Организаторот, вработените во продажните места на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, вработените на НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ

(провајдер на СМС платформа за наградни игри) како и нивните блиски членови од семејството (деца, сопружници и родители).

*Оранизаторот и операторите не се одговорни за евентуални потешкотии на мобилните мрежи или за прекините во комуникација.

**Услови за учество во наградната игра**

**Член 8**

Основен услов за учество во наградната игра е учесникот да е полнолетен, како и да потроши минимум 3.000,00 денари во било кој продажен објект лоциран во трговкиот центар.,.

Продажните објекти во трговскиот центар се јавно објавени на веб страната на Организаторот.

Секој учесник може да учествува со неограничен број на фискални сметки, се додека износот на сметката е минимум 3.000,00 денари.

Сметки чиј износ е двојно поголем од минималниот, не се вклучуваат во играта два пати, односно без разлика на потрошената сума, секоја фискална сметка може да биде испратена само еднаш.

Секој учесник може да игра неограничено, и да праќа неограничен број на СМС пораки доколку ги исполнува правилата.

Секој добитник на награда може да продолжи со играње и да биде добитник повторно.

Фискална сметка издадена од трговски субјект кој учествува во наградната игра, кој не на локација во Трговскиот центар ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, односно била издадена од истата компанија но на друга локација, нема да биде земена предвид, односно не учествува во наградната игра.

Организаторот го задржува правото да ги одбие сите фискални сметки кои се стекнати на нелегитимен начин, копирани, повторувани, репродуцирани, дуплирани,измислени или модифицирани на било кој начин.

Организаторот ќе го смета за невалиден оној формат на СМС пораки чии податоци не соодвестуваат со оние на физички приложената фискална сметка.

**Награден фонд на наградната игра**

**Член 9**

Вкупниот награден фонд на наградната игра изнесува 418,792.00 мкд со вклучен ДДВ. Вредноста на наградите е со пресметан 18% ДДВ.

Како главни награди кои ќе се доделуваат во извлекувањето се: Патување во Дизниленд Париз, Франција за 3 лица, TV UHD LG 55 UQ 75003 LF, Dyson - фен за коса. Главните награди се вклучени во вкупниот фонд на награди.

Вкупен фонд на награди:

| **Име и тип на награда** | **Количина** | **Единечна цена на награди без ддв** | **Целосна цена на награди без ддв** | **Целосна цена на награди со вклучено ддв** |
|---|---|---|---|---|
| Неделни награди: вредносни ваучери од 30.000,00 денари (Spot Vision, Neptun, East Gate Mall, Fashion Group, LPP, Magnetik, SportM, Beosport ) | 8 | 25.424,00ден. | 203.390,00ден. | 240.000,00ден. |
| Главна награда: Dyson Air Wrap Complete | 1 | 36.434,27ден. | 36.434,27ден. | 42.992,00ден. |
| Главна награда: TV UHD LG 55 UQ 75003 LF | 1 | 10.000,00ден. | 10.000,00ден. | 11.800,00ден. |
| Главна награда: Патување во Дизниленд, Париз | 1 | 105.085,00ден. | 105.085,00ден. | 124.000,00ден. |
| **Вкупно** | **11** | | | 418.792,00ден. |

Износот на вредносните ваучери може да се искористи заклучно до датумот наведен на самите ваучери.

Организацијата и реализацијата на главната награда Туристички ваучер за Дизниленд, Париз е во целосна одговорност на Та Тиме То Травел Доо.

**Извлекување на наградите**

**Член 10**

Извлекувањето ќе се одвива преку специјален софтвер сместен во трговскиот центар ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, на ул.Беласица бр.2, Скопје, кој е специјално наменет за случаен избор

на добитници на награди во наградни игри, односно од базата на примени пораки по случаен избор (електронски) ќе се вршат извлекувањата.

За секоја награда ќе бидат обезбедени и два резервни добитника.

За спроведување на наградната игра ќе биде составена комисија од три члена Претставници на Организаторот.

Извлекувањето на наградите ќе се одржува секој понеделник во периодот од 01.07.2024 година до 02.09.2024 во 12:00 часот, односно на 08.07; 15.07; 22.07; 29.07; 05.08; 12.08; 19.08; 26.08; 02.09.2024 година, со објавување на телефонскиот број на добитникот, каде што прикриени ќе бидат последни две цифри, на социјалните мрежи и на веб страницата на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.

Одговорното лице од маркетинг секторот на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ќе го повика потенцијалниот добитник на телефонски број и ќе го повика да се идентификува, да ја испрати електронски (маил или вибер) фискалната сметка за потврда и да дојде да ја подигне својата награда.

Доколку потенцијалниот добитник не е достапен или пак не ги достави бараните податоци во рок од 48 часа од моментот на извлекување, од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Организаторот, тој/таа го губи правото на награда и истата се пренесува на првата резерва. Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон првоизвлечениот учесник.

Во извлекувањето ќе учествуваат сите учесници (потрошувачи) кои податоците ги испратиле најдоцна до 01.09.2024 до 23:59 часот.

Сите овие учесници учествуваат низ целата наградна игра, односно еднаш испратена валидна СМС порака се натпреварува до крајот на играта, вклучувајќи ги и главните награди.

Датуми на извлекување, како и распоред на наградите кои ќе се доделат во секое извлекување:

| **Датум на извлекување:** | **Период за учество во извлекувањето:** | **Награда:** |
|---|---|---|
| 08.07.2024 | 01.07.(време 00:00:01)–07.07.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден. East Gate Mall вредносен ваучер |
| 15.07.2024 | 08.07.(време 00:00:01)–14.07.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден. Fashion group вредносен ваучер |

| | | |
|---|---|---|
| 22.07.2024 | 15.07.(време 00:00:01)–<br>21.07.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден.<br>LPP вредносен ваучер (Reserved) |
| 29.07.2024 | 22.07.(време 00:00:01)–<br>28.07.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден.<br>Neptun вредносен ваучер |
| 05.08.2024 | 29.07.(време 00:00:01)–<br>04.08.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден.<br>Sport vision вредносен ваучер |
| 12.08.2024 | 05.08.(време 00:00:01)–<br>11.08.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден.<br>Magnetik вредносен ваучер |
| 19.08.2024 | 12.08.(време 00:00:01)–<br>18.08.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден.<br>SportM вредносен ваучер |
| 26.08.2024 | 19.08.(време 00:00:01)–<br>25.08.(време 23:59:59) | 1 x 30.000,00 ден.<br>Beosport вредносен ваучер |
| 02.09.2024 | 01.07.(време00:00:01)–<br>01.09.(време 23:59:59) | 1 x TV UHD LG 55 UQ 75003 LF |
| | | 1 x Dyson Air Wrap Complete |
| | | Патување за 3 лица во Дизниленд, Париз |

## Објава на добитници

## Член 11

Добитниците ќе бидат објавувани во рок од три дена по секое извлекување на официјалната веб страница на Организаторот: https://eastgatemall.mk/

## Доделување на награди

## Член 12

Секој добитник, ваучерот за својата награда може да го подигне од Инфо Пултот во трговскиот центар ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, секој ден од 10:00 до 20:00 часот, а потоа истиот

ваучер може да го размени за производи/услуги во продажното место на продажниот објект кој ја спонзорира наградата. Ваучерот може да се подигне во рок од 15 дена по објавување на добитниците.

Главните награди од последното извлекување ќе бидат доделени лично на добитниците од страна на претставник на Организаторот, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на добитниците.

Датумите на извлекување се:

**08.07; 15.07; 22.07; 29.07; 05.08; 12.08; 19.08; 26.08; 02.09.2024 година.**

**Подигање на награди**

**Член 13**

Постапката за прием на награда е следнава:

Маркетинг секторот ги контактира добитниците, кои ги насочува да ги подигнат ваучерите од Инфо пултот кој се наоѓа во трговскиот центар на улица Беласица број 2, Скопје, а оттаму да ги разменат во продажниот објект во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ кој ја спонзорира наградата. Инфо пултот добива листа на добитници со телефонските броеви со кои ќе врши идентификација на добитници.

Добитникот е потребно да ја приложи фискалната сметка при подигнување на наградата, а истиот ќе биде идентификуван според телефонскиот број и фискалната сметка која треба да ја чува и да ја покаже во оригинал, при што истата ќе се задржи од страна на Организаторот.

Извлечениот добитник може да се пријави на Инфо Пултот во трговскиот центар, како и да ја подигне наградата во соодветно утврден краен рок.

Добитникот на наградата е должен да ја подигне наградата лично.

**Запознавање на наградната игра**

**Член 14**

Официјалните правила на наградната игра по добивањето согласност од Министерство на Финансии, а пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на официјалната WEB страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје: www.eastgatemall.мк

Учесниците на наградната игра ќе можат да се информираат за Официјалните правила на наградната игра и на социјалните медиуми, покрај официјалната веб страница на трговскиот центар: www.eastgatemall.mk

Наградната игра и кампањата ќе биде најавена и комуницирана преку сите јавни гласила: телевизија, радио, билборди, електронски портали, социјални канали на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ и веб страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.

Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие Правила на наградната игра.

Организаторот го задржува правото да ги дисквалфикува учесниците кои не се согласуваат со официјалните правила, кои дејствуваат спротивно на духот на Наградната игра или кои се стекнале со фискални сметки или ваучери по нелегален пат.

**Замена на награди**

**Член 15**

Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои што се претходно определени.

Замена на наградите со други награди, со парична или друга противвредност не е дозволена. Организаторот не се обврзува да понуди друг тип на награда во истата вредност на планираните награди.

Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Организаторот. Организаторот не подлежи на никаква одговорност за задоцнети или изгубени учества.

**Приговори**

**Член 16**

Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор или рекламација во врска со организацијата на оваа Наградна игра, има право писмено да поднесе приговор до Организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување во рок од 10 дена, од денот на поднесувањето на приговорот.

Приговорите и рекламациите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се доставаат најдоцна во рок од 5 (пет) дена од утврдувањето на причината поради која се приговара, но не подоцна од 5 (пет) дена по завршувањето на наградната игра.

**Одговорност**

**Член 17**

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра ги разбира правилата и условите на наградната игра и се согласува дека учествува во наградната игра по своја сопствена волја.

Организаторот на наградната игра не издава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку учествува со поголем број на фискални сметки. Организаторот не одговара за евентуални штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.

Организаторот не подлежи на одговорност доколку наградата не може да биде доделена или искористена поради неможност на добитникот да ја подигне наградата во определениот рок за подигнување на наградите, околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

**Користење на лични податоци**

**Член 18**

За учество и пријавување во наградната игра, учесниците не треба да оставаат свои лични податоци.

Лични податоци оставаат само добитниците на награди, кои со учеството во Наградната игра, се согласуваат да ги дадат своите лични податоци како име, презиме,  место на живеење и матичен број, исклучиво за целите на Наградната игра, односно за плаќање на даночните обврски за добитникот на наградата, како законска обврска на Организаторот.

Дадената согласност за користење на личните податоци, добитникот има право да ја отповика во секој момент, со доставување на барање, врз основа на кои личните податоци ќе се исклучат од понатамошното користење.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци од добитниците на трети лица, освен доколку е тоа потребно согласно закон.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека ќе ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на наградната игра. После тоа истите ќе ги уништи согласно интерните процедури за уништување на документи.

**Даночни обврски**

**Член 19**

Даночните обврски за добитниците на наградите ги плаќа организаторот на наградната игра во име и за сметка на добитникот. Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани за наградите.

**Одржување на наградната игра**

**Член 20**

Наградната игра по добивањето на дозволата за одобрение од Министерство за финансии може да се откаже во било која фаза, во случај на виша сила, во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на наградната игра.

Во Случај на откажување на наградната игра, Организаторот навремено ќе ги информира потрошувачите за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување на официјалната WEB страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ и на официјалната FACEBOOK страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ како и на официјалната INSTAGRAM страница на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.

**Важност на правилата на наградната игра**

**Член 21**

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на наградната игра и истите ќе важат се до завршувањето на истата. Со учество во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски во овие правила.

**Евентуални спорови**

**Член 22**

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решава спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Скопје и во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија.

**Организатор на наградната игра:**

**ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

**Управител, Игор Давков**

**Продажен субјект** – продавница со продажно место во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ дооел